МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ТЕХНОЛОГИЈА НА ПЛЕТЕЊЕ

III ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО - КОЖАРСКА СТРУКА
Текстилен техничар



Скопје, 2007 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ТЕХНОЛОГИЈА НА ПЛЕТЕЊЕ

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: текстилен техничар
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Трета

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по наставниот предмет ***технологија на плетење*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја опишува конструкцијата на дворедните ребрасти кружноплетачки машини;
- да го објаснува процесот на изработка на чорап кај чорапастите автомати;
- да ги разликува принципите на кулирно и основински плетење;
- да ги објаснува принципите на работа на механизмите според типот на машините;
- да ги објаснува фазите за формирање на котелци според типот на машините;
- да ги познава условите за работа во погоните за плетење;
- да се вклучува во тимска работа, лична одговорност и економично работење.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на содржините од наставната програма и за постигнување на зацртаните цели по предметот ***технологија на плетење*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети технологија на кожа и текстил од I година и технологија на плетење од II година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на часо-ви	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ДВОРЕДНИ РЕБРАСТИ КРУЖНОПЛЕ-ТАЧКИ МАШИНИ	**10**	***Ученикот***: - да ги познава општите карактеристики на дворедните кружноплетачки машини; - да ги разликува дворедните ребрасти кружноплетачки машини од другите кружноплетачки машини; - да ја објаснува функцијата на главните работни елементи за формирање на котелци кај дворедните ребрасти кружноплетачки машини; - да ги објаснува фазите на формирање на котелци кај дворедните ребрасти кружноплетачки машини; - да ги познава принципите на работа на механизмите кај дворедните кружноплетачки машини.	- Објаснување на општите карактеристики на дворедните кружноплетачки машини; - демонстрација на главните работни елементи кај двореднaта ребраста кружноплетачка машина на шема; - презентација на фазите на формирање котелци кај дворедните ребрасти кружноплетачки машини на шеми; - објаснување на функцијата на механизмите кај дворедните ребрасти кружноплетачки машини на шеми.	

2. ИНТЕРЛОК МАШИНИ	**4**	- Да ги познава карактеристиките на интерлок машината; - да ги објаснува фазите на формирање на котелци кај интерлок машина.	- Демонстрирање на главните работни елементи кај интерлок; - нагласување на специфичноста во процесот на плетење; - презентација на фазите на формирање котелци на шеми.	
3. ЧОРАПАРСКИ АВТОМАТИ	**22**	- Да ги познава општите карактеристики и поделбата на чорапарските автомати; - да ја опишува конструкцијата на едноцилиндричен чорапарски автомат; - да го објаснува принципот на плетење кај едноцилиндричен чорапарски автомат; - да ги набројува главните работни елементи и механизмите на едноцилиндричен чорапарски автомат; - да ја опишува конструкцијата на двоцилиндричен чорапарски автомат; - да го објаснува принципот на плетење кај двоцилиндричен чорапарски автомат; - да ги набројува главните работни елементи и механизмите на двоцилиндричен чорапарски автомат.	- Демонстрирање на главните работни елементи кај едноцилиндричен и двоцилиндричен чорапарски автомат на шема; - презентација на фазите на формирање на котелци кај едноцилиндричните и двоцилиндричните автомати на шеми; - презентација на механизмите кај чорапарските автомати на шеми; - покажување на различни видови чорапи исплетени на чорапарски автомати.	

4. ОСНОВО-ПРЕПЛЕТУВАЧКИ МАШИНИ	**32**	- Да ги познава општите карактеристики и поделбата на основопреплетувачките машини; - да ја објаснува функцијата на главните работни елементи кај кетенштул машина; - да ги објаснува фазите на формирање на котелци кај кетенштул машина; - да го споредува процесот на плетење кај кетенштул со процесите на кулирно плетење; - да го објаснува принципот на работа на механизмите кај кетенштул машина (механизам за движење на полагачите, механизам за движење на платините, механизам за движење на пресата); - да ја објаснува функцијата на главните работни елементи кај рашел машини; - да ги објаснува фазите на формирање на котелци кај рашел машини (кај едноигленични и двоигленични); - да го објаснува принципот на работа на механизмите кај рашел машина.	- Демонстрација на главните работни елементи кај кетенштул машина; - објаснување за фазите на формирање на котелци кај кетенштул машина со користење на шеми; - нагласување на специфичноста на процесот на плетење кај кетенштул машина; - презентација на шемите за механизмите кај кетенштул машина; - објаснување на принципот на работа на механизмите кај кетенштул машината; - демонстрација на главните работни елементи кај рашел машина; - презентација на фазите на формирање на котелци кај рашел машина на шеми; - нагласување на специфичноста на процесот на плетење кај рашел машина; - презентација на механизмите кај рашел машина на шеми; - објаснување на принципот на работа на механизмите кај рашел машината.	

5. НЕТКАЕН ТЕКСТИЛ	**4**	- Да дефинира неткаен текстилен материјал; - да ја познава поделбата на неткаениот текстил; - да ги набројува постапките за формирање на руно, зацврстување на руно и доработка на неткаен текстилен материјал.	- објаснување за општите поими во технологијата на неткаен текстил; - класификација на постапките за добивање на неткаен текстил.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставниот предмет ***технологија на плетење*** наставникот применува современи интерактивни методи (стратегии) во зависност од целите на тематската целина, односно наставната содржина. Овие методи (стратегии) се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, цртање на шеми, истражување, набљудување, споредување, изработување домашни и проектни задачи, читање и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно–образовната работа по наставниот предмет ***технологија на плетење*** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана или кабинет-училница, опремена со наставни средства и помагала. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, посета на погони за плетење на трговски друштва од текстилната дејност.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, компјутер, визуелни уреди, CD и DVD со содржини од технологијата на плетењето, мостри од разни видови плетенини, шеми, слики, каталози и други наставни средства предвидени според Нормативот за наставни средства и помагала по технологија на плетење за образовниот профил текстилен техничар.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Оценувањето на постигањата на ученикот, се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на секоја тематска целина. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***технологија на плетење***, треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***технологија на плетење*** ја реализираат кадри со завршени студии по: ***технологија-текстилна насока*** и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***технологија на плетење*** се реализира во специјализирана училница, односно кабинет-училница, опремена според нормативот за простор и опрема за образовниот профил текстилен техничар од текстилно-кожарската струка.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2007 година

7.2. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, раководител, советник Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. Соња Јордева, наставник, СУ ,,Димитар Мирасчиев"- Штип
3. Ирфан Шабани, наставник, СУ ,,Ѓоце Стојчески"- Тетово
4. Иван Граматиков, дипл. текст. инж., управител ДОО ,,Пајонија"- Штип

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01. 09. 2007 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***технологија на плетење*** ја одобри министерот за образование и наука со решение ение бр. 11-4631/ 11 од 21.06. 2007 година.